

# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 5-20 авг 2025 Билтен бр. 603**

# СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗАСЕДАВАШЕ ПО 72-РИ ПАТ

**На денешната редовна седница на Советот на Општина Карпош, беа разгледувани дваесеттина точки кои се најдоа на дневниот ред. Во таа насока советниците ја поддржаа Одлуката со која осум основни училишта од Карпош ќе добијат по еден прочистувач на воздух на трајно користење без надомест, од страна на Владата на РСМ. Потребното мнозинство од Советот го доби и Планот за изменување и дополнување на програмите за развој за 2025-2035 година.**

**Имено, измените се однесуваат на реализација на поединечните фази при поставувањена јавно осветлување на територија на локалната самоуправа. Притоа, реализацијата на поединечните фази во рамки на десетгодишниот период ќе се одвива на следниов начин. Во 2025 година се планира изведба на работи во износ од 1.000.000 денари. Секоја наредна година од 2026-та до 2034-та се планира да бидат инвестирани по 14.747.000 денари, додека пак во 2035 година, се планира за оваа намена да бидат потрошени 13.747.000 денари. Имплементацијата на овој проект се предвидува да започне на 01.11.2025 година, а истиот би требало да заврши кон средината на декември 2035 година.**

**Советниците ја изгласаа и Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година. Оттука, измени се вршат во колоната на Буџет, каде се намалуваат средства во Програмата за уредување на градежно земјиште капитални расходи, на конто Надомест на одземен имот во износ од 17.800.000 денари. Овие средства се намалуваат поради тоа што со Буџетот се предвидени повеќе средства за исплата на рати по основ на надомест за одземен имот. Исто така се намалуваат средствата во Програмата за капитални трошоци во висина од 3.000.000 денари, поради тоа што со Буџетот се предвидени повеќе средства за трошоци за изградба на новата административна зграда. Во Програмата за уредување на градежно земјиште капитални расходи, се зголемува износот на 4.300.000 денари за да се обезбедат средства за геолошки истражувања и копање на бунари за техничка вода, која ќе биде наменета за полевање на зелени површини на територија на Карпош. За итни интервенции за фекална и атмосферска канализација се зголемуваат средствата на 5.400.000 денари, а во Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај, се зголемуваат сретствата на 3.000.000 денари. За Програмата за спорт и рекреација – капитални расходи, се зголемуваат средствата во износ од 1.800.000 денари кои ќе бидат наменети за реконструкција на детските игралишта низ Карпош. Во износ од 700.000 денари се зголемуваат средствата во Програмата за основно образование – капитални расходи, кои ќе бидат употребени за надзор при изградба на спортските сали за основните училишта „Димо Хаџи Димов“ и „Братство“, кои се доделени со Одлука на Владата на РСМ.**

**Советот даде „зелено светло“ за потпишување на Изјава на градоначалникот Стевчо Јакимовски, дека Општина Карпош нема формирано јавно претпријатие односно дека надлежноста за снабдување на вода за пиење ја врши ЈП Водовод и канализација – Скопје. Оттука, ова јавно претпријатие ги покрива услугите кои се однесуваат на снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води. Поточно, по таа Изјава се овластува градоначалникот Јакимовски да ги потпише договорите за грант, кои ќе бидат склучени согласно Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу РСМ и Европска Инвестициска Банка (ЕИБ). Станува збор за проекти за подобрување на водната инфраструктура на локалната самоуправа од Карпош, за кои РСМ се задолжува со заем кај ЕИБ. Со овие средства ќе биде поставена нова фекална и атмосферска канализација на улицата Скупи, како и на улиците бр. 2,8 и 9 кои се наоѓаат во непосредна близина на маркетот Хубо.**

**Потребниот консензус го доби и Одлуката за донесување на техничка исправка на ДУП за ГП 1.2.21 од ДУП-от за населба Влае 1 дел А, од 10.07.2002 година. Поддржана беше и Одлуката за техничка исправка за ГП 1.274 и ГП 1.274а од ДУП 3 03 за опфат помеѓу булеварите Партизански одреди и Македонија, како и помеѓу улицата Московска во Тафталиџе. Со истата динамика беше изгласана Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 12.6 од ДУП на УЕ21 во населбата Козле. Со оваа Одлука се овозможува промена на парцелацијата на градежната парцела ГП 12.6 односно се формираат две градежни парцели согласно сопственоста и ажурираната геодетска подлога. Сето ова доведува до подобрување на функционалноста, како и максимално користење на просторот и можности за реализација согласно Деталниот урбанистички план.**

**На денешната седница беа усвоени и Годишните Извештаи и Заклучоците за усвојување на Годишните Програми за работата на детските градинки на територија на општина Карпош. Со поддршка на Советот, беше дадена согласност за утврдување на Статутот на Приватна детска градинка „МАРА БУБАМАРА“ од Скопје.**



# ИНАЕТОТ НА МИНИСТЕРОТ РИСТОВСКИ ГИ СПРЕЧУВА МЛАДИТЕ КАРПОШАНИ ДА ГО КОРИСТАТ БАЗЕНОТ КАЈ САЛАТА „ПАРТИЗАН“

**Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој денеска беше во обиколка на базенот кој се наоѓа во рамки на спортската сала „Партизан“ во Карпош 4, практично наиде на запоставен и нефункционален објект, кој досега требаше да го стави во употреба министерството за спорт.**

**„За жал, веќе неколку месеци нема вработени лица ниту пак работници, кои ќе го оспособат овој базен, а како што видовте и вратата не е затворена, за што треба дополнително да се грижат чуварите од Општина Карпош. Јавно сакам да го прашам министерот за спорт, Борко Ристовски, како можеше да го пушта во употреба базенот во Кисела Вода, тие деца таму можат да се капат во базен, а овие деца од Карпош, не можат да ги уживаат убавините на овој базен кој што го започнал некој друг директор и некоја друга Влада на Република Македонија. Сакам да потенцирам дека овој базен е симбол на инаетот на Борко Ристовски, но не против мене, против Општината и советниците, туку против учениците и децата во општина Карпош“ – констатираше Јакимовски.**

**Првиот човек на Општина Карпош јавно го запраша актуелниот министер за спорт, Борко Ристовски, колку финансиски средства за оваа спортска сала досега одвоило министерството со кое тој раководи?**

**„Сакам уште да прашам, зошто не го пуштате во употреба базенот туку доаѓате да не опструирате и да ни ја земете салата „Партизан“, притоа го пуштате пуштате тој во Кисела Вода? Зошто ми го праќате инвеститорот да извршиме приклучок на електрична енергија на парно греење и водоснабдување, па уште цефката што била фи-80 била мала па бараат и поголема, значи сето ова да го платиме од буџетот на општина Карпош. Зошто мислите г-не министре дека сите ние заслужуваме ваков однос и дека можете да си поигрувате вака со карпошани? Имам уште едно прашање до вас, дали базенот во Кисела вода, го нудевте на Пливачка Федерација на Македонија или тоа беше случај само со базенот во општина Карпош? Веднаш ќе ви одговорам дека Пливачката Федерација ве одби, затоа што овој базен ќе прави трошоци, а тие трошоци може да ги покрие само општина Карпош, која ќе го стави овој спортски објект во служба на децата односно на учениците од Карпош“ – резимираше Јакимовски.**



# ПОЛИЦИЈАТА ЌЕ ГИ ЕДУЦИРА ПОСТАРИТЕ КАРПОШАНИ, КАКО ДА СЕ ЗАШТИТАТ ОД МОЖНИ ИЗМАМИ

**На иницијатива од Одделението за превенција при СВР – Скопје, во соработка со пензионерските друштва на територија на општина Карпош, кон средината на септември ќе се организираат едукативни работилници на тема „Заштита од измами поврзани со сообраќајни незгоди“. Акцијата произлезе од конкретниот заклучок на заедничката дебата меѓу градоначалникот Стевчо Јакимовски, членовите на Советот и претставници од локалната заедница, која пред неколку месеци се одвиваше во рамки на Локалниот совет за превенција на Општина Карпош. Иницијативата има за цел да ја зголеми свеста на граѓаните, особено на повозрасната популација, од причина што пензионерите се едни од најзагрозените групи кои се мета на различни видови измами, особено оние што се поврзани со т.н „сообраќајни незгоди“.**

**По тој повод денеска градоначалникот Јакимовски ги посети претставниците на двете здруженија на пензионери „Карпош“ и „Тафталиџе ДДД“ – Скопје, при што оствари работна средба со нив. Во рамки на состанокот, првиот човек на Општината ги запозна своите соговорници со целите и придобивките од оваа иницијатива. Во оваа пригода, Јакимовски ги информираше пензионерите за неговата неодамнешна средба со претставници од ОБСЕ кои изразиле задоволство од овој проект, бидејќи со него е опфатена повозрасната популација од Карпош.**



# ЗАПОЧНА КАРПОШОВОТО КУЛТУРНО ЛЕТО 2025

**Звуците на етно музиката, безвремените хитови на македонските евергрин изведувачи и прекрасните уметнички дела кои беа изложени на платото кај „Млечен“, вечерва го означија почетокот на традиционалната манифестација „Карпошово културно лето 2025“ која се одржува секоја година под покровителство на Општина Карпош. Во оваа пригода, присутните ги поздрави градоначалникот Стевчо Јакимовски, кој им посака незаборавни мигови и пријатна дружба на љубителите на културата и уметноста.**
**– Како и досега, Општина Карпош се потруди да обезбеди финансиски средства за одржување на оваа традиционална манифестација, која ја паметат повеќе генерации карпошани. Оваа година целосно се фокусиравме кон домашните изведувачи, со цел да го поттикнеме македонското творештво. Се надевам дека направивме добар избор на артисти и дека сите вие ќе уживате во овогодинешната програма – истакна Јакимовски.**
**На премиерната вечер пред голем број посетители со својата нескротлива енергија настапи талентираниот музичар Мишел Трајковски во придружба на својот оркестар. Веселите акорди од хармониката на младиот Трајковски ги разиграа почитувачите на етно, латино и џез звуците, кои уживаа во неговиот инструментален перформанс. Сценскиот простор дополнително го облагороди изложените ликовни дела на уметничката Елена Галика, која понуди интересен концепт преку сопствениот специфичен естетски израз. Срцата на публиката ги стоплија незаборавните забавни рефрени и мелодии, испеани од легендите на македонската забавна музика, Драган Мијалковски, Зорица Поп Панкова, Сашо Гигов Гиш, Џон Илија Апелгрин, бравурозната Ана Петановска и Тања Тас. Прекрасните вокали на вечерашните евергрин изведувачи ги придружуваше оркестарот на Радио Бубамара, под водство на етаблираниот музичар Дамир Имери.**



## КАРПОШ ПУЛСИРАШЕ ВО РИТАМОТ НА ЕТНО ЗВУЦИТЕ

**Енергичниот настап на виртуозот на изворни народни инструменти, Стефче Стојкоски во придружба на ансамблот „МакЕдинство“, ја одбележа втората вечер во рамки на „Карпошовото културно лето 2025“. Во спонтана атмосфера пред многубројната публика, искусните музичари се претставија со широк опус на староградски изворни македонски песни и ора кои ги воодушевија присутните посетители.**

**Нивниот концерт беше заокружен со живописната сценографија и кореографија, во која доминираа впечатливите детали од македонските народни носии кои се дел од домашниот фолклор и кои ја нагласуваат идентитетската црта на нашето традиционално творештво.**

**Инаку, Стојкоски започнал да свири на кавал на седум, а веќе на девет годишна возраст ја имал првата аудио снимка. Во 1997 година тој формира свој ансамбл на народни инструменти и песни „Стефче Стојковски“. Во над триестгодишната кариера има издадено повеќе аудио и видео материјали, а работи и на филмска музика, при што има настапувано низ повеќе држави ширум светот.**

